# КУС ОСВРТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА СТРУЧНА ПРАКСА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

Задолжителната стручна пракса на студентите на Институтот за социјалната работа и социјалната политика, се реализира континуирано во текот на сите четири години од студирањето на додипломски студии и има суштинска улога во професионалното оспособување и развојот на идните социјални работници. Стручната пракса овозможува интеграција на теоретските знаења со практичната-стручната работа, при што студентите се стекнуваат со непосреден увид во реалните потреби, проблеми и животни ситуации на корисниците. Преку директна работа со корисниците, семејствата и заедницата, под менторство и набљудување на професионалната практика, студентите ги развиваат своите професионални компетенции, комуникациски способности, етички вредности, аналитички пристап и вештини за интервенција во различни социјални контексти. Истовремено, практичната работа придонесува за развивање на одговорност, професионален интегритет, тимска работа и подготвеност за активно вклучување на студентите на пазарот на трудот.

Стручната практика е задолжителен предмет за редовните и вонредните студенти во втор, четврти, шести и осми семестар на додипломските студии. Во рамки на секој семестар, студентите реализираат фонд од 6 часа-вежби неделно, под менторство од страна на стручен работник-социјален работник.

**Во втор семестар**, задолжителната практика се реализира во здруженија на граѓани, хуманитарни организации и верски заедници. Преку оваа форма на практика, студентите се запознаваат со улогата на граѓанскиот сектор во обезбедување поддршка и помош за ранливи категории граѓани, како и со значењето на меѓусекторската соработка во локалната заедница. Студентите се запознаваат со различни програми, услуги и активности што ги реализираат здруженијата, хуманитарните организации и верските заедници во насока на социјална поддршка, хуманитарна помош, психосоцијална поддршка и инклузија на корисниците во заеницата.

**Во четврти семестар**, студентите стручната практика ја спроведуваат во центрите за социјална работа. Во центрите за социјална работа тие се запознаваат со организацијата и функционирањето на системот на социјална заштита, со јавните овластувања и професионалните надлежности на установата, како и со различните форми на стручна работа со поединци, семејства и групи.

**Во шести семестар**, студентите праксата ја извршуваат кај лиценцирани даватели на социјални услуги, каде што се запознаваат со услугите од советување, услуги во домот, вон-семејна заштита и услугите во заедницата за различни категории корисници. Во рамки на оваа практика, студентите имаат можност да ги согледаат специфичностите на професионалната работа со деца, млади, стари лица, лица со попреченост и други ранливи категории. Особено внимание се посветува на развивање на способноста за проценка на потребите на корисниците, планирање на поддршка, интердисциплинарна соработка и анализа на практичните искуства во контекст на организациското функционирање на системот на социјална заштита.

**Во осми семестар**, студентите ја остваруваат стручната практика во установи од областа на образованието, здравството и единиците на локалната самоуправа. Преку оваа практика, тие се запознаваат со подрачјата од социјалната работа, улогата на социјалната работа во образовниот и здравствениот систем, како и со локалните политики за социјална заштита и поддршка на граѓаните.

За време на реализацијата на стручната практика, студентите добиваат континуирана советодавна, едукативна и менторска поддршка од страна на менторите – социјални работници во установите и организациите, како и од предметните професори од Институтот за социјална работа и социјална политика.

Во рамки на практичната работа се предвидуваат различни задачи и активности, како што се: *извештај за стручна пракса, подготвување на презентација од стручна пракса, лист за проценка, изработка на индивидуален план за поддршка на корисник, лист за следење на поддршка на корисник и извештај од теренска активност.*

*Проф. д-р Владимир Илиевски*

*Предметен професор за студентска практика*